РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**Агенција за заштита на личните податоци**
**Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale**

Бр. 04-961/19
15.9.2020 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20), генералниот секретар на Агенцијата за заштита на лични податоци, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати за работните места број 2, 3 и 5 по Интерен оглас бр. 01/2020 за унапредување на шест административни службеници

1. Во врска со Интерниот оглас бр. 01/2020 за унапредување на шест административни службеници објавен на 3.9.2020 година, а според Финалната ранг-листа на интервјуирани кандидати бр. 04-961/14 од 14.9.2020 година од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана со Решение бр. 04-961/7 од 10.9.2020 година, **СЕ ИЗБИРААТ**:
   - за работното место број 2: УПР 01 01 В01 000 – Советник-виш инспектор за заштита на личните податоци над приватниот сектор, Одделение за инспекциски надзор над приватниот сектор, Сектор за инспекциски надзор, кандидатите **Наташа Стојковска** и **Марјана Планојевиќ**,
   - за работно место број 3: УПР 01 01 Г01 000 – Самостоен референт за логистичка поддршка, Одделение за стручно-оперативна поддршка, Сектор за правни работи и стручно-оперативна поддршка, кандидатот **Ибраим Цури**,
   - за работно место број 5: УПР 01 01 В04 000 – Помлад соработник за управување со човечки ресурси, Одделение за нормативно-правни работи, Сектор за правни работи и стручно-оперативна поддршка, кандидатот **Миленко Маринковиќ**.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на веб страницата на Агенцијата за заштита на личните податоци.
3. Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, ќе се донесат решенија за унапредување на административните службеници.

### Образложение

По добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.18-1406/2 од 3.2.2020 година за унапредување, Агенцијата за заштита на личните податоци на ден 3.9.2020 година објави на веб-страницата на Агенцијата и веб-страницата на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр. 01/2020 за унапредување на шест административни службеници.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од страна на генералниот секретар на Агенцијата, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со Решение бр. 04-961/7 од 10.9.2020 година за работните места со број 2, 3 и 5.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**

**Агенција за заштита на личните податоци**
**Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale**

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата спроведе административна селекција за што состави Записник бр. 04-961/12 од 14.9.2020 година. По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју, за што е составен Записник бр. 04-961/13 од 14.9.2020 година.

Оттука, врз основа на Записникот од административната селекција и Записникот од спроведеното интервју, а според вкупно освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата состави Финална ранг-листа бр. 04-961/14 од 14.9.2020 година на интервјуираните кандидати за интерен оглас кои ги достави на понатамошно постапување на ден 14.9.2020 година до генералниот секретар на Агенцијата.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи го предвид наведеното, генералниот секретар на Агенцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**Генерален секретар,**
**Леонора Кадрији**

Доставено до:
- Кандидатот,
- Човечки ресурси,
- Архива.

Изработиле: М.М.
С.Н.

бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, П. фах 417, 1000 Скопје
bul. Goce Delçev nr. 18, F. Postar 417, 1000 Shkup
тел./tel.: ++ 389 2 3230-635; www.dzlp.mk; e-mail: info@privacy.mk